ПАКОМАК

ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

# Е-ИНФО 28

## АКТИВНОСТИ НА „ПАКОМАК” ВО ПЕРИОДОТ ОД ОКТОМВРИ ДО ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА

ПАКОМАК ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ | PRO EUROPE

# АМБАЛАЖАТА ШТО ИМА МИНАТО, **МОЖЕ ДА ИМА И ИДНИНА!**

КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ НА „ПАКОМАК” ВО ПЕРИОДОТ ОД ОКТОМВРИ ДО ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА. ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ ЧИЈА ЦЕЛ Е ПРОМОЦИЈА НА ВАЖНОСТА НА СЕЛЕКЦИЈА И ПРЕРАБОТКА НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД.

ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2018

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

PRO EUROPE

## БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

- „ПАКОМАК“ ИМ ПОДЕЛИ ЕКОРАНЧИЊА НА УЧЕСНИЦИТЕ НА САМИТОТ „МАКЕДОНИЈА 2025“
- ЕКОАКЦИЈА НА „ПАКОМАК“ И НА „БРАНД ЈУНИОН“ ЗА ЧИСТЕЊЕ ВО ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ
- ВРАБОТЕНИТЕ ВО ТЕЛЕКОМ, СО ПОДДРШКА ОД „ПАКОМАК“ И ОД ГРАД СКОПЈЕ, ОРГАНИЗИРАА ЕКОАКЦИЈА ЗА ЧИСТ ГРАДСКИ ПАРК

## НАСЕЛЕНИЕ

- ТРИ ЗАВРШНИ ПРЕТСТАВИ НА ПРОЕКТОТ НАРЕЧЕН „ХОКУС ПОКУС, РЕЦИКЛИРАЊЕТО Е ВО ФОКУС“
- ИЗЛЕЗЕ НОВИОТ БРОЈ НА ЕКОПРЕДВЕСНИКОТ
- „ПАКОМАК“ И „ФЛЕКА ТВ“ ПРЕКУ ЕДУКАТИВНО ВИДЕО ГО ПРИКАЖАА КРУГОТ НА РЕЦИКЛИРАЊЕ
- „ПАКОМАК“ СО ПРОЕКТОТ НАРЕЧЕН „ХОКУС ПОКУС, РЕЦИКЛИРАЊЕТО Е ВО ФОКУС“ ДОБИ НАГРАДА ЗА ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНА КОМПАНИЈА НА ГОДИНАТА
- ПОД МОТОТО „ЕКОРЕЗОЛУЦИИ ЗА ЕКОРЕВОЛУЦИИ“ ПОЧНА НОВАТА КАМПАЊА НА „ПАКОМАК“ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ.
- ИНФОРМАТИВНИ ЛЕТОЦИ ВО ПРИЛЕП
- „ПАКОМАК“, ВО СОРАБОТКА НА АПЛИКАЦИЈАТА „МОЈ ВОЗДУХ“, ГО КРЕИРАШЕ ВЕБ-САЈТОТ WWW.RECIKLIRAM.MK
- ТВИТЕРЏИИТЕ НАПРАВИЈА ЕЛКА ОД ПЛАСТИЧНИ ШИШИЊА ВО СКОПЈЕ, „ПАКОМАК“ ЈА ОТКУПИ И ГИ ДОНИРАШЕ СРЕДСТВАТА ВО ХУМАНИТАРНИ ЦЕЛИ

# БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

## 1 „ПАКОМАК“ ИМ ПОДЕЛИ ЕКОРАНЧИЊА НА УЧЕСНИЦИТЕ НА САМИТОТ „МАКЕДОНИЈА 2025“

Во текот на ноември се одржа најголемиот бизнис-самит во регионот организиран од Меѓународната организација „Македонија2025“. Оваа организација годинава прославува 10 години од своето формирање и нејзиното мото „Заедно да градиме посилна нација“ се огледа во тоа што седум години по ред организира самит на кој се претставени најзначајните теми од динамичната глобална економија и применливата практика, кои овозможуваат размена на знаења, идеи и иновации.

На самитот учествуваа повеќе од 60 говорници од повеќе од 20 земји во 15 панел-сесии, а сето ова интерактивно го проследија 350 реномирани гости од целиот регион. Свое излагање на самитот имаше и Филип Ивановски од „Пакомак“, кој ја изнесе реалната состојба за рециклирање на 17 проценти отпад, односно, 110.000 тони амбалажа од пластика и од хартија, која се преработува во Македонија, и очекувањата до 2020 година да се рециклира 60 проценти од овој отпад.

„Пакомак“ на овој настан на сите учесници им подели екоранчиња со цел да ги мотивира учесниците помалку да користат пластични кеси за една употреба.





# 2 ЕКОАКЦИЈА НА „ПАКОМАК“ И НА „БРАНД ЈУНИОН“ ЗА ЧИСТЕЊЕ ВО ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

„Пакомак“ во текот на ноември спроведе акција за чистење на централното градско подрачје во Скопје.

Екоакцијата беше спроведена во позитивна атмосфера во соработка со „Бренд јунион“.

Оваа екоакција е дел од проектот „Селектирај иднина“, проект што „Пакомак“ успешно го спроведува организирајќи екоакции на различни локации, во повеќе градови низ Република Македонија.

Идејата на ваквите акции е со заеднички труд да се подигне екосвеста во општеството, да се поттикнат поединците и организациите да ја подобрат животната средина, со што ќе се обезбедат услови за безгрижен пораст на младите генерации во иднина.






## 3 ВРАБОТЕНИТЕ ВО ТЕЛЕКОМ, СО ПОДДРШКА ОД „ПАКОМАК“ И ОД ГРАД СКОПЈЕ, ОРГАНИЗИРАА ЕКОАКЦИЈА ЗА ЧИСТ ГРАДСКИ ПАРК

Вработените во Македонски телеком, во соработка и поддршка на „Пакомак“ и на Град Скопје, во текот на октомври спроведоа акција за собирање на отпадот во Градски парк. Во рамките на оваа екоакција повеќе од 150 вработени во Македонски телеком заедно учествуваа во чистење на расфрлениот отпад на потегот од хотелот „Александар палас“ до централниот дел од Градски парк.

Чистењето на Градски парк е втора по ред екоакција годинава во која учествуваат вработените во Македонски телеком, како дел од долгорочната иницијатива на компанијата #TelekomGoesGreen. Првата акција за чистење се одржа на почетокот од јуни, кога вработените го собираа отпадот од парк-шумата Водно.

Со желба да дадат позитивен пример и повик за одговорно однесување кон животната средина, вработените во Телеком селектираа дел од собраниот отпад и го предадоа на рециклирање.

На настанот се обрати и генералниот директор на „Пивара“ – Скопје, Владимир Косијер, кој изјави дека оваа акција е дел од пошироката долгорочна платформа на „Пивара“ и на „Пакомак“, која се одвива под мотото „Рециклирате ли?“. Платформата вклучува најразлични активности почнувајќи од едукација на младите и на пошироката јавност за потребата од правилен третман, селекција и рециклирање на отпадот, како и волонтерски екоакции за чистење на јавните површини.

Дополнително Косијер апелираше и до другите компании и до целото општество да го преземат својот дел од одговорноста и повеќе да се ангажираат во решавањето на проблемот со загадувањето на околината, со што заедно ќе креираме услови за одржлива иднина за нас и за идните поколенија.



## 4 ТРИ ЗАВРШНИ ПРЕТСТАВИ НА ПРОЕКТОТ НАРЕЧЕН „ХОКУС ПОКУС, РЕЦИКЛИРАЊЕТО Е ВО ФОКУС“

Во текот на декември, во преполната сала на Македонската филхармонија беа одржани и три завршни претстави на проектот наречен „Хокус покус, рециклирањето е во фокус“, кој „Пакомак“, заедно со екомагионичарот Кристијан Шопов, ги намени за децата од предучилишна и од училишна возраст. Станува збор за забавна магионичарска претстава во која преку хумор, смеа и интеракција децата учеа за важноста на селектирањето и за одржувањето чиста животна средина.

- Невозможното и мистериозното, зачинето со хумор, секогаш буди интерес кај публиката. Нема човек што не сака да се насмее и да види нешто интересно, необјасниво. Дополнително, кога знаеш дека пренесуваш екопорака, која треба да ги мотивира децата да селектираат отпад и со тоа да создадат почист свет, задоволството е уште поголем -, изјави екомагионичарот Кристијан Шопов, кој е истовремено и голем екологист, илузионист и хуманист.

Претставата во која децата се едуцираа дека стаклото треба да го фрлат во зелениот контејнер, хартијата во синиот, а пластиката и лименките во жолтиот контејнер ја видоа и повеќе од 33.700 деца во Скопје од 52 училишта и уште 17.000 деца од 45 училишта од седум градови во Македонија. Проектот го поддржаа „Пивара Скопје“ и Холандската амбасада во Македонија, традиционалните партнери на „Пакомак“ кога станува збор за екологија.

За истата претстава/проект „Пакомак“ - друштво за управување со пакување и отпад од пакување, доби и национална награда за 2018 година за општествено одговорна практика од Министерство за економија на Република Македонија.






ПАКОМАК
ПЛАСТИКА
ЛИМЕНКИ

# 5 ИЗЛЕЗЕ НОВИОТ БРОЈ НА ЕКОПРЕДВЕСНИКОТ

На почетокот на декември излезе новиот број на екопредвесникот, информативно списание во кое фокусот е насочен на темите од екологијата. Во овој број, покрај информативните содржини во форма на различни интервјуа, екосовети и искуства, можат да се прочитаат и сите активности на „Пакомак“ насочени кон поставување нови контејнери како игло за селектирање стакло и проширување на мрежата на градови што селектираат стакло. Освен тоа, вклучени се и сите активности што ги изведе „Пакомак“ на многу локации низ државата, а граѓаните можат да ги пронајдат новостите и вестите што се однесуваат на тие општини.



# 6 ЕДУКАТИВНИ ВИДЕА НА „ПАКОМАК“ И „ФЛЕКА“

„Пакомак“, во соработка со хумористичното трио „Флека“, создаде кратко едукативно видео со цел појаснување на сите чекори при процесот на рециклирање стакло.

Под насловот „Круг на рециклирање“, во новото хумористично видео, „Флека“ на карактеристичен начин, освен што го објаснува процесот на рециклирање, и едуцира за правилно постапување со отпадот.

Целта на „Пакомак“ и на „Флека“ е преку хумор и забава да ја пренесе пораката дека сите заедно можеме да придонесеме за почиста животна средина. Видеото „Круг на рециклирање“, како и другите видеа од заедничката кампања, се достапни на официјалната страница на „Фејсбук“ на „Пакомак“. Линк од видеото:

https://www.youtube.com/watch?v=3KgIAVkEbpk&t=102s

Под мотото „Селектирај иднина!“ „Пакомак“, во соработка со хумористичното трио „Флека“, создаде уште една видеокампања за подигнување на свеста за рециклирање хартија, стакло и пластика. Под насловот „Магична канта“, новото хумористично видео истовремено претставува дополнителна мотивација и едукација за правилен третман на отпадот. Видеото за кратко време стана популарно на социјалните мрежи и, судејќи по реакциите на јавноста, беше позитивно прифатено.Целта на „Пакомак“ и на „Флека“ е преку хумор и забава да ја пренесе пораката дека сите заедно можеме да придонесеме за почиста животна средина. Видеото „Магична канта“, како и другите видеа од заедничката кампања, се достапни на официјалната страница на „Фејсбук“ на „Пакомак“. Линк од видеото:

https://www.youtube.com/watch?v=7P0ov_oxZgI

# 7 „ПАКОМАК“ СО ПРОЕКТОТ НАРЕЧЕН „ХОКУС ПОКУС, РЕЦИКЛИРАЊЕТО Е ВО ФОКУС“ ДОБИ НАГРАДА ЗА ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНА КОМПАНИЈА НА ГОДИНАТА

„Пакомак“ – друштво за управување пакување и отпад од пакување, доби национална награда за 2018 година за општествено одговорна практика, која традиционално, секоја година, ја доделува Министерство за економија на Република Македонија.

Признанието е добиено за проектот наречен „Хокус покус, рециклирањето е во фокус“, кој „Пакомак“, заедно со магионичарот Кристијан Шопов, го намени за децата од предучилишна и од училишна возраст. Во овој проект, преку забавна магионичарска претстава и интересни трикови, децата учеа за важноста на селектирањето и за одржувањето чиста животна средина. Претставата во која децата се едуцираа дека стаклото треба да го фрлат во зелениот контејнер, хартијата во синиот, а пластиката и лименките во жолтиот контејнер ја видоа повеќе од 33.700 деца во Скопје од 52 училишта и уште 17.000 деца од 45 училишта од седум градови во Македонија. Проектот го поддржаа „Пивара Скопје“ и Холандската амбасада во Македонија, традиционалните партнери на „Пакомак“ кога станува збор за екологија.



- Проектот се покажа извонредно успешен и претставува позитивно искуство за децата, наставниците и за нас како екокомпанија со јасна ековизија. Ние сме особено горди што Министерство за економија на Република Македонија го препозна и награди овој проект затоа што проектот претставува влог во нашите деца и во нивната иднина. Важно е децата да имаат високоразвиена еколошка свест за во иднина да живеат во почиста животна средина – изјави Ико Брдароски, менаџер за грижа на корисници во „Пакомак“.

- Замислете си да предизвикате смеа, радост, возбуда кај 50.700 деца и да ги научите за селекција на отпадот, тоа е, навистина, чудесно. Чувството не може да се опише кога знаете дека преку едукативна забава давате придонес за подобра иднина за нашата планета. Невозможното и мистериозното, зачинето со хумор, секогаш буди интерес кај публиката. Нема човек што не сака да се насмее и да види нешто интересно, необјасниво. Прекрасно е да се биде опкружен со толку детски искрени лица што неизмерно ѝ се радуваат на илузијата што ја прикажуваш. Плус кога знаеш дека пренесуваш екопорака, која треба да ги мотивира децата да селектираат отпад и со тоа да создадат почист свет, задоволството е уште поголемо - изјави магионичарот Кристијан Шопов, кој е истовремено и голем екологист, илузионист и хуманист.

„Пакомак“ е непрофитабилна компанија, која има цел да остави печат на позитивни и социјално одговорни промени во општеството.

Општествената одговорност за „Пакомак“ е бизнис-императив и како успешна и современа компанија има влијание врз своите партнери, околината и врз целото општество. „Пакомак“ на општествената одговорност гледа како на стратегиска цел на долг рок, која има крајна цел подобрување на вкупниот квалитет на живот.

# 8 ИНФОРМАТИВНИ ЛЕТОЦИ ВО ПРИЛЕП

„Пакомак“ спроведе екокампања за подигнување на свеста за селекција на отпадот преку едукативни летоци, кои им беа поделени на граѓаните на Прилеп. На едукативните летоци граѓаните можеа да прочитаат интересни и корисни информации за тоа како можат да заштедат средства во домашниот буџет со селектирање на отпадот.



# 9 „ПАКОМАК“, ВО СОРАБОТКА НА АПЛИКАЦИЈАТА „МОЈ ВОЗДУХ“, ГО КРЕИРАШЕ ВЕБ-САЈТОТ WWW.RECIKLIRAM.MK

„Рециклирам“ е нов, заеднички проект на „Мој воздух“ и на „Пакомак“. Станува збор за едноставен, корисен и информативен веб-сајт, чијашто цел е едукацијата на населението во врска со рециклирањето.

Веб-сајтот содржи информации за придобивките од рецклирањето, а посетителите на веб-страницата може да се информираат и за значењето на симболите на амбалажата.

Исклучително корисна и важна содржина на веб-сајтот претставува мапата на локации на кои се наоѓаат контејнерите на „Пакомак“ за рециклирање хартија, пластика и стакло.

Идејата зад овој проект е да се мотивираат и инспирираат граѓаните да дадат свој придонес кон зелена животна средина.



# 10 ПОД МОТОТО „ЕКОРЕЗОЛУЦИИ ЗА ЕКОРЕВОЛУЦИИ“ ПОЧНА НОВАТА КАМПАЊА НА „ПАКОМАК“ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ.

Следејќи ги актуелните трендови, во предновогодишниот период, кога сите се фокусирани на создавање листи со новогодишни резолуции, „Пакомак“ спроведе екокампања под мотото: „Екорезолуции за екореволуции“. Целта на кампањата е подигнување на нивото на еколошка свест, не само за рециклирање, туку и за создавање здрави навики кај населението.

Низ инфографикони, кои содржат идеи за новогодишни екорезолуции, оваа акција беше одлично прифатена од стана на граѓаните. Истовремено, низ оваа кампања кај граѓаните се генерираше чувство на лична одговорност и придонес во подобрување на начинот на живот и на околината.



# 11 ТВИТЕРЏИИТЕ НАПРАВИЈА ЕЛКА ОД ПЛАСТИЧНИ ШИШИЊА ВО СКОПЈЕ, „ПАКОМАК“ ЈА ОТКУПИ И ГИ ДОНИРАШЕ СРЕДСТВАТА ВО ХУМАНИТАРНИ ЦЕЛИ

Традиционално, пред Нова година, твитерџиите повторно направија елка од пластични шишиња. Целта на настанот е да се подигне свеста за рециклирање и за намалување на отпадот.

Настанот оваа година се случи викендот на 22 и на 23 декември. Оваа година пластични шишиња се собираа на пет пункта во Скопје - Порта Влае (пред „Баду бар“), Лептокарија (на коцката пред „Ревија“), пред Универзална, во Т.Ц. Бисер и во Котур (парк Форум, зад „Рекорд“).

Правењето на елката се одвиваше во исклучително позитивна атмосфера, на 23 декември, недела, со почеток во 9 часот, во паркот Форум, зад поранешен „Рекорд“.

Елката, заедно со неискористените пластични шишиња, по завршувањето на настанот беше откупена од страна на „Пакомак“, како традиционален поддржувач на оваа акција, а парите беа донирани во хуманитарни цели.





ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2018